20262524591

АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

Врз основа на член 16, став 1, алинеја 6 и член 10 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/24, 37/25, 86/25, 101/25, 135/25, 132/26 и 212/26) и во согласност со член 15 став 1 алинеја 6 од Статутот на Агенцијата за управување со одземен имот бр.02-4368/2 од 2.12.2024 година, Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот на 13-та по ред седница за 2026 година одржана на ден 22.10.2026 година, го донесе следниот

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА, НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

Член 1

Со овој Правилник се изменува Правилникот за формата и содржината на образецот на службената легитимација, начинот на нејзиното издавање и одземање на вработените во Агенцијата за управување со одземен имот бр.01-721/1 од 7 февруари 2025 година, објавен во („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.50/25), Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на образецот на службената легитимација, начинот на нејзиното издавање и одземање на вработените во Агенцијата за управување со одземен имот бр.01-2427/8 од 28 мај 2025 година, објавен во („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/25) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на образецот на службената легитимација, начинот на нејзиното издавање и одземање на вработените во Агенцијата за управување со одземен имот бр.01-1955/1 од 22 април 2026 година, објавен во („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.89/26) и тоа во членот 5 зборовите: „Одделение за управување со човечки ресурси“, се заменуваат со зборовите: „Одделение за меѓународна соработка, стратешки развој и човечки ресурси“.

Член 2

Во членот 7 во ставот 2 зборовите: „Одделение за управување со човечки ресурси“, се заменуваат со зборовите: „Одделение за меѓународна соработка, стратешки развој и човечки ресурси“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

По влегување на сила овој правилник ќе биде објавен и на веб-страницата на Агецнијата.

Агенција за управување
со одземен имот
Управен одбор
Претседател,
Станко Китаноски, с.р.

Бр. 01-5185/1
22 октомври 2026 година
Скопје